Друштво за управување со инвестициски фондови
ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје
25.08.2017
05 | 204/3

# ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ

## ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**
**ЗА ПЕРИОДОТ КОЈ ЗАВРШУВА НА 30 ЈУНИ 2017 ГОДИНА**

**СО ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

Скопје, Август 2017

**СОДРЖИНА**


| | Страна |
|---|---|
| 1.Извештај на независниот ревизор | 3 |
| 2.Биланс на успех | 5 |
| 3.Биланс на состојба | 6 |
| 4.Извештај за промени во нето средствата | 7 |
| 5.Извештај за паричните текови | 8 |
| 6.Белешки кон финансиските извештаи | 9 |

Прилози кон финансиските извештаи

- Финансиски показатели по удели на Фондот
- Структура на вложувања на Фондот
- Структура на обврски на Фондот по видови инструменти
- Реализирани добивки (загуби) на Фондот
- Нереализирани добивки (загуби) на Фондот
- Трансакции на Фондот со поврзани субјекти
- Приходи и расходи со поврзани субјекти
- Трансакции по овластени лица на Фондот
- Трошоци наплатени на товар на инвестицискиот Фонд

ВЕРИФИКА Доо
Друштво за ревизија, сметководство и консалтинг
ул.Антон Попов, 9-2,1000 Скопје


**До**
**Раководството на Друштвото за управување со**
**ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ - отворен инвестициски фонд**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**

Извршивме ревизија на финансиските извештаи на ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ - отворен инвестициски фонд (во понатамошниот текст "Фондот") управуван од страна на Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје (во понатамошниот текст " Друштвото"), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 30 Јуни 2017 година, како и Билансот на успех, Извештајот за промени на нето средствата на Фондот и Извештајот на паричните текови за периодот што завршува тогаш, како и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Фондот е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за инвестициски фондови , Правилникот за задолжителна содржина, форми и рокови за доставување на извештаите за работење од страна на инвестициските фондови, друштва за управување и депозитната банка и Меѓународните стандарди за финансиско известување прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали истото е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во дадените околности.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија прифатени и објавени во Република Македонија и Законот за ревизија на Република Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Фондот со цел дизајнирање на ревизорски постапки коишто се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола

на Фондот. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на сѐвкупното презентирање на финансиските извештаи.
Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

ВЕРИФИКА Доо
Друштво за ревизија, сметководство и консалтинг
ул.Антон Попов, 9-2,1000 Скопје

**До**
**Раководството на Друштвото за управување со**
**ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ - отворен инвестициски фонд**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ (Продолжува)**

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи, ја презентираат во сите материјални аспекти финансиската состојба на ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ – отворен инвестициски фонд за периодот што завршува на 30 јуни 2017 година, како и неговата финансиска успешност и неговите паричните текови и промените во главнината за периодот што завршува тогаш во согласност со Законот за инвестициски фондови , правилникот за задолжителна содржина, форми и рокови за доставување на извештаите за работење од страна на инвестициските фондови, друштва за управување и депозитната банка и Меѓународните стандарди за финансиско известување прифатени и објавени во Република Македонија.

*Останати прашања*

Финансиските извештаи за 2016 година се ревидирани од друг ревизор кои изразил позитивно мислење.

Скопје, 25.08.2017

Овластен ревизор

Валентина Трпчевска

Друштво за ревизија
сметководство и консалтинг
ВЕРИФИКА ДОО Скопје

Управител

Валентина Трпчевска

*ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ отворен инвестициски фонд*

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА ПЕРИОДОТ ШТО ЗАВРШУВА НА 30 ЈУНИ 2017 ГОДИНА**

| Во денари | Белешка | 30.06.2017 | 30.06.2016 |
|---|---|---|---|
| **ПРИХОДИ** | | | |
| Реализирани добивки од продажба на финансиски инструменти | | 314.204 | 97.906 |
| Приходи од камати и амортизација на премија (дисконт) на имот со фиксно достасување | 5 | 74.188 | 62.234 |
| Позитивни курсни разлики од монетарните финансиски инструменти | | 507.934 | 365.395 |
| Приходи од дивиденди | 6 | 6.641.706 | 3.102.588 |
| Останати приходи | 7 | 1.891.506 | 138.368 |
| **Вкупно приходи од вложувања** | | **9.429.538** | **3.766.491** |
| **РАСХОДИ** | | | |
| Реализирани загуби од продажба на финансиски инструменти | | 206.201 | 3.354.472 |
| Негативни курсни разлики од монетарните финансиски инструменти | | 355.120 | 979.222 |
| Расходи по основ на односи со друштвото за управување | | 2.978.794 | 1.593.661 |
| Расходи од камати | 8 | 0 | 0 |
| Надомест на депозитната банка | | 542.795 | 292.317 |
| Трансакциски трошоци | 9 | 207.019 | 107.389 |
| Останати трошоци на фондот | 10 | 4.022.209 | 554.875 |
| **Вкупно расходи** | | **8.312.138** | **6.881.934** |
| **Нето добивка (загуба) од вложувања во хартии од вредност** | | **1.117.400** | **-3.115.443** |
| **НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ(ЗАГУБИ) ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ДЕРИВАТНИ ИНСТРУМЕНТИ** | | | |
| Нереализирани добивки (загуби) од вложувања во хартии од вредност | | 11.021.130 | -3.244.096 |
| Нето курсни разлики од вложуавања во хартии од вредност | | -6.955.044 | -1.676.157 |
| **Вкупно нереализирани добивки од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти** | | **4.066.086** | **-4.920.253** |
| **Нето зголемување (намалување) на нето имотот од работењето на фондот** | | **5.183.486** | **-8.035.696** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

Приложените финансиски извештаи се одобрени од страна на Одборот на директори на Друштвото за управување со Фондот на 22.08.2017 година и се потпишани во негово име од страна на:

Главен извршен директор
г-дин Петар Андреевски

Друштво за управување со инвестициски фондови ВФП ФОНД МЕНАЏМЕНТ АД СКОПЈЕ 1

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА ЗА ПЕРИОДОТ ШТО ЗАВРШУВА НА 30 ЈУНИ 2017 ГОДИНА

| Во денари | Белешка | 30.06.2017 | 30.06.2016 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 11 | 298.738 | 6.390.295 |
| Финансиски средства кои се чуваат за тргување | 12 | 338.739.063 | 175.146.621 |
| Депозити | 13 | 13.917.669 | 627.870 |
| Побарувања по основ на дивиденди, парични депозити и отплата на обврзници | | 233.338 | 203.669 |
| Останати побарувања од фондот | | 0 | 4.359.306 |
| Побарувања по основ на камата и останати средства | 14 | 12.640 | 4.081 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **353.201.448** | **186.731.842** |
| **ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ** | | | |
| Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност и останати обврски | | 2.760.469 | 6.029.550 |
| **ОСТАНАТИ ОБВРСКИ** | | | |
| Обврски кон друштвото за управување со фондови | 15 | 3.719.092 | 1.615.526 |
| Обврски кон депозитарната банка | | 69.617 | 36.582 |
| Обврски по основ на дозволени трошоци на фондот | 16 | 41.770 | 45.362 |
| Обврски по основ на исплата на имателите на удели | | | |
| Останати обврски | | 1.898 | 0 |
| Обврски по основ на пресметана камата | | | |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | | **6.592.846** | **7.727.020** |
| **НЕТО ИМОТ НА ФОНДОТ** | | **346.608.602** | **179.004.822** |
| **Број на издадени удели** | | **3.205.590,4637** | **1.866.764,4716** |
| **Нето имот по удел** | | **108,1263** | **95,8904** |
| Издадени удели на инвестицискиот фонд | | 454.278.598 | 261.599.867 |
| Повлечени удели на инвестицискиот фонд | | -125.519.088 | -72.113.183 |
| Добивка/загуба во тековната финансиска година | | 5.183.486 | -8.035.696 |
| Задржана добивка /загуба од претходните периоди | | 12.665.607 | -2.446.167 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ СПРЕМА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВА** | | **346.608.602** | **179.004.822** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ НА НЕТО СРЕДСТВАТА ЗА ПЕРИОДОТ ШТО ЗАВРШУВА НА 30 ЈУНИ 2017 ГОДИНА

| Во денари | 30.06.2017 | 30.06.2016 |
|---|---|---|
| **Состојба на почетокот на периодот** | 258.613.635 | 147.167.735 |
| Нето добивка (загуба) од вложувања во хартии од вредност | 1.117.400 | -3.115.443 |
| Вкупно нереализирани добивки од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти | 4.066.086 | -4.920.253 |
| **Зголемување (намалување) на нето имотот од редовните активности на фондот** | **5.183.486** | **-8.035.696** |
| Приливи од продажба на издадени документи за удел/ акции на фондот | 116.070.144 | 72.751.796 |
| Одливи од повлекување на удели / акции на фондот | -33.258.663 | -32.879.013 |
| **Вкупно зголемување (намалување) од трансакции со уделите на фондот** | **82.811.481** | **39.872.783** |
| **Вкупно зголемување (намалување) на нето имотот** | **87.994.967** | **31.837.087** |
| **Состојба на крај на периодот** | **346.608.602** | **179.004.822** |
| **Број на издадени и повлечени удели/акции на фондот** | | |
| Издадени удели/акции на фондот во периодот | 4.453.898,8644 | 2.612.480,5241 |
| Повлечени удели/акции на фондот во периодот | -1.248.308,4007 | -745.716,0525 |
| **Број на удели/акции на фондот** | **3.205.590,4637** | **1.866.764,4716** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ**
**ЗА ПЕРИОДОТ ШТО ЗАВРШУВА НА 30 ЈУНИ 2017**

| Во денари | 30.06.2017 | 30.06.2016 |
|---|---|---|
| **Добивка или загуба за тековниот период** | **5.183.486** | **-8.035.696** |
| Нереализирани позитивни и негативни курсни разлики | -6.955.044 | -1.676.157 |
| Приходи од камата | -11.091 | 9.381 |
| Расходи од камата | - | - |
| Приходи од дивиденда | -6.698.240 | -3.153.222 |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во преносливи хартии од вредност | -75.143.710 | -28.586.137 |
| Приливи од камата | - | - |
| Одливи од камата | - | - |
| Приливи од дивиденда | 6.671.632 | 3.082.234 |
| Зголемување (намалување) на останатиот финансиски имот | -11.606.711 | 6.405.463 |
| Зголемување (намалување) на останатиот имот | - | -4.360.245 |
| Зголемување (намалување) на обврските по основ вложувања во финансиски инструменти | 2.760.469 | 6.019.623 |
| Зголемување (намалување) на обврските спрема друштвото за управување и депозитарната банка | 1.425.645 | 662.889 |
| Зголемување (намалување) на останатите обврски од редовното работење | -11.091 | -4.544.583 |
| **Паричен тек од редовното работење** | **-84.384.655** | **-34.176.448** |
| Приливи од издавање на удели | 116.070.144 | 72.751.796 |
| Одливи од откуп на удели | -33.258.663 | -32.879.013 |
| **Паричен тек од финансиски активности** | **82.811.481** | **39.872.783** |
| **Нето зголемување (намалување) на пари** | -1.573.174 | 5.696.335 |
| **Пари на почеток на периодот** | 1.871.913 | 693.960 |
| **Пари на крај на периодот** | **298.739** | **6.390.295** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи

## *1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ*

ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ ( во понатамошниот текст Фондот) е отворен инвестициски фонд основан со решение број на УП1 08-94 на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на 18.11.2014 година во согласност со Законот за инвестициските фондови (Сл.Весник на Република Македонија бр.12/2009г., бр.67/2009г., бр.24/2011г. и бр.188/2013г.) од страна на Друштвото за управување со инвестициски фондови ВФП Фонд Менаџмент АД Скопје од Скопје (во понатамошниот текст Друштвото) со седиште на ул.Васил Главинов бр.14-1/8.

Друштвото е основано на ден 13.08.2014 година. Друштвото е основано за извршување дејност основање и управување со отворени инвестициски фондови, како и други работи согласно со Законот и подзаконските прописи, на неопределено време. Приоритетна дејност на Друштвото согласно Националната класификација на дејноста е: 66.30 – Дејности на управување со фондови.

Друштвото е основано и работи согласно Решението за давање одобрение за основање под број УП 1 08-67од 19.09.2014 година и Решението за давање на согласност заСтатутот на Друштвото број УП 1 08-67 од 19.09.2014 година, издадено од Комисијата за хартии од вредност.

Со Фондот во негово име и за негова сметка управува Друштвото во согласност со проспектот и статутот на Фондот.

Фондот претставува посебен имот без својство на правно лице, кој се основа за прибирање на парични средства од инвеститори, преку Јавен повик за купување удел/удели, со кои за сметка на инвеститорите управува Друштвото. Сопствениците на удели имаат право на сразмерен дел од добивката на фондот и во секое време имаат право да побараат исплата на уделите со што ќе истапат од фондот. Отворениот инвестициски фонд односно посебниот имот без својство на правно лице го чинат здружените парични средства прибрани преку издавање и јавна продажба на удели од Фондот, како и имотот стекнат со вложување на тие средства, вклучително и приходите и правата кои произлегуваат од тој имот.

Фондот е основан на неопределено време.

Средствата на Фондот се во потполност одвоени од средствата на Друштвото што управува и не можат да бидат предмет на побарувања ниту врз нив може да биде спроведено извршување од страна или за сметка на доверителот на Друштвото.

Депозитарна банка на Фондот е Комерцијална Банка АД Скопје. Депозитарната банка осигурува дека приходите на Фондот се користат во согласност со Законот, Проспектот и Статутот на Фондот и дека трошоците кои ги плаќа Фондот се во согласност со одредбите од Законот, Проспектот и Статутот на Фондот.

Друштвото ги инвестира средствата на Фондот во согласност со член 66 и 67 од Законот за инвестициските фондови и согласно правилникот за дозволени вложувања, ограничувања на вложувањата и пречекорување на ограничувањата за вложување на имотот на Фондот, донесен од Комисијата, во следниве инструменти:

- Акции – преносливи хартии од вредност и инструменти на пазарот на пари со кои се тргува на регулирани пазари во САД, Германија и другите држави членки на ЕУ, Земјите на ОЕЦД, ЦЕФТА и Р.Македонија и Држави надвор од Европа чии регулирани пазари на хартии од вредност се членки на Светската федерација на берзи WFE – www.world-exchanges.org до 100% од портфолиото;

- Инвестициски фондови – удели или акции на инвестициски фондови регистрирани во САД, Германија и другите држави членки на ЕУ, Земјите на ОЕЦД, ЦЕФТА и Р.Македонија и Држави надвор од Европа чии регулирани пазари на хартии од вредност се членки на Светската федерација на берзи WFE – www.world-exchanges.org до 10% од портфолиото;

***1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ (продолжува)***

- Нови емисии на хартии од вредност – новоиздадени преносливи хартии од вредност под услов во проспектот за нивно издавање да е утврдено дека постои обврска од страна на издавачот за нивно вклучување во службената котација на берза или на друг регулиран пазар, кој има дозвола за работа од соодветно регулаторно тело до 20% од портфолиото

- Депозити и пари на сметка – депозити во овластени банки во Република Македонија, кои достасуваат во рок кој не е подолг од една година до 75% од портфолиото.

## *2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ*

### *2.1 Основа за изготвување*

Финансиските извештаи на Фондот се изготвени во согласност со Законот за инвестициски фондови (Сл.Весник на Република Македонија бр. 12/2009г., бр.67/2010г., бр.24/2011г. и бр.188/2013г.) и Правилникот за задолжителна содржина, форми и рокови за доставување на извештаите за работење од страна на инвестициските фондови, друштва за управување и депозитната банка(Сл.Весник на РМ со Правилникот за водење на сметководството ("Службен весник на Република Македонија бр. 94/2004, 11/2005, 116/2005") и Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годината која завршува на 30 Јуни 2017 и 30 Јуни 2016. Тековните податоци во финансиските извештаи се дадени во македонски денари (МКД)освен ако не е поинаку наведено.

При изготвувањето на овие финансиски извештаи на Фондот, Друштвото се придржуваше кон сметководствените политики опишани во Белешка 2. Сметководствените политики применети во овие финансиски извештаи се конзистентни со политиките применувани за годишните финансиски извештаи за фискалната 2016 година.

Подготвувањето на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, бара примена на одредени сметководствени проценки. Исто така бара од раководството да примени расудување во процесот на примена на сметководствените политики на Фондот.

### *2.2. Претпоставка за континуитет*

Финансиските извештаи се подготвени според претпоставката дека Фондот ќе продолжи да работи во догледна иднина. Раководството на Друштвото управува со средствата на Фондот со цел да обезбеди негово непречено функционирање и максимизација на повратот за сопствениците на средства.

### *2.3. Користење на претпоставки и проценки*

При подготвувањето на овие финансиски извештаи, Раководството на Друштвото користи бројни проценки и разумни претпоставки кои имаат ефект на презентираните вредности на средствата и обврските, како и обелоденување на потенцијалните побарувања и обврски на датумот на подготовка на финансиските извештаи како и на приходите и расходите во текот на периодот на известување.

Овие проценки и претпоставки се базирани на информациите расположливи на датумот на подготовка на финансиските извештаи и идните фактички резултати би можеле да се разликуваат од овие проценки.

Најзначајната употреба на расудувања и проценки, кои се обелоденети во прегледот на значајни сметководствени политики и соодветните објаснувачки белешки се однесуваат на оштетувањето на финанските и нефинансиските средства, финансиските обврски и останати проценки кои може да влијаат на нето вредноста на имотот на Фондот.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 2.4. Споредливи износи

Споредливите износи ги претставуваат ревидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 30 Јуни 2016 година и 31 Декември 2016 година кои се ревидирани од друг ревизор кој изразил позитивно мислење за истите.

### 2.5. Признавање на приходите и расходите

Приходите се искажани според објективната вредност на побарувањата. Приходот е искажан во моментот на настанување на побарувањата/трансакциите. Расходите се искажуваат врз пресметковна основа.

***Приходи и расходи по камата***

Приходот од камата и расходот од камата се признава во добивката или загубата според методот на ефективна камата. Ефективната каматна стапка е стапката која точно ги дисконтира очекуваните идни парични плаќања и приливи во текот на очекуваниот век на финансиското средство или обврска (или каде што е соодветно, пократок период) на сегашната вредност на финансиското средство или обврска. При пресметката на ефективната каматна стапка, Друштвото ги проценува идните парични текови на Фондот земајќи ги во предвид сите договорни услови на финансискиот инструмент, но не и идните загуби поради оштетување.

Пресметката на ефективната каматна стапка ги вклучува сите надоместоци платени или примени кои се составен дел на ефективната каматна стапка. Трансакциските трошоци вклучуваат инкрементални трошоци кои директно можат да се припишат на стекнувањето или издавањето на финансиското средство или обврска.

***Провизии и останати расходи***

Провизиите и останатите расходи се признаваат во добивката или загубата на пресметковна основа.

***Надоместоци на Друштвото за управување со Фондот***

Надоместоци на Друштвото за управување со Фондот се надоместоците кои се плаќаат на Друштвото за управување со средствата на Фондот. Надоместокот на Друштвото за управување со средствата на Фондот изнесува 2% годишно од нето вредноста на Фондот, а се пресметуваат на дневна основа. Друштвото го наплатува надоместокот за управување последниот ден во месецот и тоа како збир на сите вредности на надоместокот за тековниот месец. Надоместокот кој се наплатува од Фондот е надоместокот за управување на Друштвото, а се пресметува врз основа на дневна нето вредност на Фондот по следната формула: Остварен годишен надомест за управување X 1/ 365

***Надоместок на Депозитарна Банка***

Фондот е обврзан, врз основа на Договорот на Друштвото склучен со депозитарната Банка да и плаќа провизија на банката на годишно ниво од нето вредноста на Фондот, а пресметано на дневна основа за услугите кои се обврзала да ги врши за Фондот.

На товар на имотот на Фондот, Друштвото на Депозитарната банка и плаќа надоместок на годишно ниво кој се пресметува од нето вредностана имотот на Фондот за денот кој претходи на денот на вреднување, со примена на следните стапки:

- до 1.000.000.000,00 денари – 0,25%,
- од 1.000.000.001,00 до 1.800.000.000,00 денари -0,22% и
- над 1.800.000.001,00 денари -0,20%.

Исто така на товар на имотот на Фондот, Друштвото на депозитарната банка и плаќа за трошоците на суб-депозитарната банка. Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци.

***2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)***

***2.5. Признавање на трошоците и приходите (продолжува)***

***Трошоци поврзани со купупродажба на имот на фондот***

Овие трошоци ги содржат сите трошоци поврзани со купување и продавање на имотот на Фондот (на пример:

- трошоци за брокерски провизии,
- берзанска такса, такса за Централен депозитар на хартии од вредност,
- даноци и
- евентуални други трошоци поврзани со порамнувањето на трансакциите.

Износот на овие трошоци е во висина на стварните трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции и истите се на товар на имотот на Фондот. Трошоците за купување и продавање се разликуваат во зависност од типот на хартиите од вредност и големината на налогот.

***Останати трошоци од работење***

Останати трошоци кои ќе призлезат во текот на работењето, а може да се наплатуваат на товар на имотот на Фондот се:

- Трошоци за годишна ревизија;
- Трошоци за изработка, печатење и поштарина на ревидирани полугодишни и годишни извештаи за сопствениците на удели;
- Трошок за исплата на данокот на имот и добивка на Фондот;
- Трошоци за објава на Проспектот и други пропишани објави;
- Трошоци за месечен надомест на Комисијата.

Овие трошоци ги содржат трошоците кои ќе произлезат во текот на работењето на Фондот и може да бидат наплатувани на товар на имотот на Фондот во висина на реално остварените трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции.

***Трошоци за издавање и откуп на удели***

Надоместокот за издавање на удели (влезен надоместок) претставува надоместок кој инвеститорот го плаќа при секоја уплата во Фондот. Истиот се пресметува со примена на соодветни стапки објавени во Проспектот и Статутот на фондот во зависност од вложениот износ на средства.

Излезен надоместок се одбива од нето вредноста на имотот на Фондот по удел во моментот на откуп. При откуп на удели не се наплатува излезен надоместок.

***Нереализирани добивки и загуби***

Зголемувањето и намалувањето на вредноста на вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување измерени по нивната објективна вредност се искажува во билансот на успех односно Извештајот на добивки и загуби на Фондот како нереализирани добивки и загуби.

***Даночен расход***

Во согласност со член 18 од Законот за инвестициските фондови, Фондот нема својство на правно лице и не подлежи на оданочување со данок на добивка. Приходите од камати добиени од Фондот можат да бидат предмет на данок на задршка важечки во земјата на потекло.

***2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)***

**2.6. Конвертирање во странска валута и сметководствениот третман на позитивните / негативните курсни разлики и ефектот од примената на девизна клаузула**

Ставките во Билансот на состојба и Билансот на успех искажани во финансиските извештаи се вреднуваат со користење на валутата од примарното економско окружување (функционална валута). Како што е обелоденето во Белешка 2.1, придружните финансиски извештаи се прикажани во денари (МКД), кои претставуваат функционална и официјална извештајна валута на Друштвото.

Компонентите на средствата и обврските искажани во странска валута се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на составување на Билансот на состојба.

Трансакциите во странски валути се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на секоја трансакција.

Позитивните и негативните курсни разлики кои произлегуваат од конвертирањето на средствата, обврските и трансакциите се соодветно искажани како приход / расход во Билансот на успех.

***2.7 Парични средства и парични еквиваленти***

Паричните средства и паричните еквиваленти се евидентираат во извештајот за нето средствата на Фондот по номинална вредност, а ги вклучуваат средствата депонирани на трансакциските сметки (денарски и девизни).

***2.8. Вложувања***

Во согласност со МСС 39, сите вложувања односно финансиски средства се класифицираат во четири категории:

- Финансиски средства кои се чуваат за тргување (мерени според објективна вредност преку билансот на успех)
- Финансиски средства расположливи за продажба
- Заеми и побарувања и
- Вложувања кои се чуваат до доспевање

Во текот на разгледуваниот период, Фондот има вложувања во финансиски средства кои се чуваат за тргување (мерени според објективна вредност преку билансот на успех) и вложување во депозити кои се чуваат до доспевање.

***Финансиски средства кои се чуваат за тргување***

Почетно, вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување се искажани по нивната набавна вредност, која што е објективна вредност на дадениот надоместок за истите. Трансакциските трошоци се вклучуваат во почетното мерење на финансиските средства.

Последователно, вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување, се мерат според нивната објективна вредност, без било какво намалување за трансакциските трошоци кои може да се направат при нивната продажба или друго отуѓување, определена според последната просечна пазарна цена на берзата за истите на датумот на билансот на состојба.

Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување се признаваат во нето добивката или загубата за периодот во кој се јавува како нереализирани добивки и загуби од вложувања во хартии од вредност.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 2.8. Вложувања (продолжува)

*Финансиски средства кои се чуваат за тргување(продолжува)*

Вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување кои се изразени во странска валута се пресметуваат според средниот курс на валутата на Народна Банка на Република Македонија на денот на вреднувањето.

Објавените дивиденди од овие вложувања се вклучуваат како приходи од дивиденди.

Купопродажбата на вложувањата во хартии од вредност се признава на датумот на тргувањето, што представува односно на датата кога е реализиран налогот за тргување кој Фондот го верификувал. Капиталните добивки или загуби од ваквите продажби се признаваат како реализирани приходи или расходи од купопродажба на хартии од вредност.

*Депозити*

Депозитите ги сочинуваат средствата депонирани кај комерцијалните банките заради остварување на приходи. Вложувањата во депозити се состојат од краткорочни депозити отворени во комерцијални банки во Република Македонија. Вложувањата во депозити иницијално се признаваат во висина утврдена со договорот за депозит, односно со преносот на средства во депозит. Дополнително вреднување на депозитите се врши по амортизирана набавна вредност.

### 2.9 Побарувања

Побарувањата се евидентираат во моментот кога настанува правото на Фондот за побарување на одредени износи на парични средства. Побарувањата ги опфаќаат побарувања за дивиденди и камати.

### 2.10 Деловни обврски

Обврските на Фондот ги опфаќаат:

- Обврски за купување на вложувања во хартии од вредност
- Обврски спрема друштвото за управување со фондови
- Обврски спрема депозитарната банка
- Други тековни обврски

Сите обврски се искажуваат во висина мна номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции

### 2.11 Нето вредност на имотот на фондот и вредност на уделот на Фондот

Пресметката на нето вредноста на имотот на Фондот по удели се врши согласно Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворен и затворен инвестициски фонд и за пресметување на нето вредноста на имотот по удел или по акции во инвестицискиот фонд ("Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013) донесен од Комисија за хартии од вредност ("КХВ").

Нето вредноста на имотот на Фондот се пресметува врз основа на пазарната вредност на хартиите од вредност и депозитите во финансиските институции и другите имотни вредности на Фондот, со одземање на обврските на истиот ден.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжува)

### 2.11 Нето вредност на имотот на фондот и вредност на уделот на Фондот(продолжува)

Движење на вредноста на имотот на фондот за меѓупериодот што завршува на 30 Јуни 2017 година (во денари):

| Датум | Бр.на удели | Цена на удел | Нето вредност на имот | Имот | Обврски |
|---|---|---|---|---|---|
| 01.01.2017 | 2.446.139,8141 | 105,7232 | 258.613.635 | 261.031.458 | 2.414.823 |
| 30.06.2017 | 3.205.590,4637 | 108,1263 | 346.608.602 | 353.201.448 | 6.592.846 |

Движење на вредноста на имотот на фондот за меѓупериодот што завршува на 30 Јуни 2016 година (во денари):

| Датум | Бр.на удели | Цена на удел | Нето вредност на имот | Имот | Обврски |
|---|---|---|---|---|---|
| 01.01.2016 | 1.449.402,4891 | 101,5368 | 147.167.735 | 152.756.825 | 5.589.090 |
| 30.06.2016 | 1.866.764,4716 | 95,8904 | 179.004.822 | 186.731.842 | 7.727.021 |

Нето вредноста по удел е нето вредноста на имотот на Фондот поделена со бројот на уделите на Фондот на денот на вреднување. Нето вредноста по удел, вкупниот број на удели на Фондот, сите зголемувања и намалувања на бројот на удели се пресметуваат и изразуваат во четири децимални места. Почетната цена на уделот во Фондот изнесуваше 100 Денари. Уделите им ги обезбедуваат следните права на сопствениците на удели:

- право на информираност;
- право на дел од добивката на Фондот - сите сопственици на удели добиваат, односно имаат право на дел од добивката на Фондот пропорционално на нивното учество во Фондот. Сопствениците на удели, правото на дел од добивката на Фондот можат да го остварат преку поднесување на Барање за делумен или целосен откуп на уделите во нивна сопственост од страна на Друштвото;
- право на продажба на удели од Фондот, односно обврска за откуп на удели - Друштвото е должно да изврши откуп на уделите според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на процена по поднесувањето на барањето за откуп на удели. Средствата од откупот на уделите се исплаќаат на сметка на сопственикот на откупените удели во рок од седум календарски дена од приемот на Барањето за откуп на удели;
- право на исплата на дел од ликвидационата маса на Фондот - во случај на ликвидација на Фондот.

### 2.12 Настани после датумот на известување

Оние настани после датумот на известување кои даваат дополнителни информации за финансиската состојба на Фондот на датумот на известувањето (корективни настани) се рефлектирани во финансиските извештаи. Оние настани после датумот на известување кои немаат карактер на корективни настани се објавуваат во соодветна белешка доколку истите се материјално значајни.

## 3. Средства на Фондот и стратегија на вложувања

Средствата на Фондот се инвестирани согласно одредбите на Законот за инвестициски фондови со цел остварување на највисок принос во полза на сопствениците на удели во Фондот врз основа на принципите на сигурност, диверзификација на ризикот од инвестирање и одржување на адекватна ликвидност.

Заклучно со 30 Јуни 2017 година нето износот на средства под управување во ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ изнесуваше 346.608.602 денари, 95,90% од портфолиото на вложувањата на Фондот претставува вложувања во акции во странство , 1,83% се вложувања во акции во земјава. Останатиот дел од средствата се чуваат во банкарски депозити.

***3. Средства на Фондот и стратегија на вложувања (продолжува)***

Во поглед на валутната структура, најголема изложеност на Фондот е кон ЕУР со 52,78% потоа изложеност во УСД од 28,85% , останати валути 13,64% и изложеност во МКД од 4,74%.

Целта на ваквата поставеност е обезбедување на стабилност во приносите, односно заштита од пазарниот ризик на дел од портфолиото на Фондот со истовремено обезбедување на оптимална ликвидност на вкупното портфолио преку акциите кои се чуваат за тргување и депозитите.

Основните податоци за Фондот за меѓупериодот кој завршува на 30 Јуни 2017 година и 2016 година се прикажани во следната табела:

| | ***30 Јуни 2017*** | ***30 Јуни 2016*** |
|---|---|---|
| Цена на удел на крајот на периодот | 108,1263 | 95,8904 |
| Принос на Фондот | 2,2730 | 5,5609 |

Инвестициската цел на Фондот е остварување на атрактивен принос за сопствениците на удели во фондот, односно раст на вредноста на уделот на долг временски период, со умерен ризик.
Инвестициската цел ќе се оствари преку професионално управување со средствата на фондот, односно креирање на портфолио на хартии од вредност на најразвиените и најрегулирани пазари во светот. Во фокус на инвестициската политика на фондот ќе бидат големите компании - „Large Caps" кои се лидери во сопствените индустрии и имаат континуирана и растечка историја на исплата на дивиденда кон инвеститорите. Во процесот на вложувањето особено внимание ќе се обрне на минимизирање на ризиците кои може да се јават кај овој вид на инвестирање.
Средствата на фондот ќе бидат инвестирани во хартии од вредност на издавачи чие седиште, односно претежна дејност се врши на територијата на следниве земји: Соединетите Американски Држави, Германија и другите земји членки на ЕУ, земјите членки на ОЕЦД, ЦЕФТА и Република Македонија како и држави надвор од Европа чии регулирани пазари на хартии од вредност се членки на светската федерација на берзи WFE – www.world-exchanges.org заради континуирана усогласеност на структурата на портфолиото со член 67 од Законот за инвестициски фондови.

***4. Управување со финансиски ризици***

Во текот на своето работење Фондот влегува во различни трансакции и е изложен на повеќе видови финансиски ризици како што се пазарниот ризик од промена на девизните курсеви, каматниот ризик како и кредитниот ризик, ликвидносниот ризик, даночниот ризик и капиталниот ризик. Активностите за правилно управување со финансиските ризици вклучуваат анализи, проценка, прифаќање и управување со ризиците. Фондот се стреми кон постигнување на соодветна рамнотежа помеѓу ризикот и Приносот, со цел навремено да се минимизираат потенцијално негативните ефекти врз финансиската успешност на Фондот. Политиките на Фондот за управување со ризици имаат за цел да ги идентификуваат и анализираат овие ризици да воспостават соодветни ризици и контрола на ризиците, како и да ги следат ризиците и придржувањето кон лимитите преку вреодостојни современи информатички системи. Фондот врши редовно испитување на политиките и воспоставување на системи за управување со ризикот согласно со пазарните промени, промените во продуктите и најдобрата пракса.

Менаџментот на Друштвото за управување со Фондот е насочен во активности за правилно управување со финансиски ризици, во согласност со политиките одобрени од страна на Инвестицискиот одбор. Инвестицискиот одбор донесува писмени политики и процедури кои го опфаќаат целокупното управување со ризици, како и специфичните подрачја како што се ризикот од промена на пазарните цени, ризикот од каматните стапки, кредитниот и ликвидносниот ризик.

***4.1 Пазарен ризик***

Имотот на Фондот е изложен на пазарни ризици. Пазарните ризици произлегуваат од отворената позиција на Фондот на ефектот од флуктуацијата на пазарните цени на финансиските инструменти и пазарните каматни стапки . Раководството на Друштвото утврдува прифатливи лимити на ризик, кои се базираат на нивно секојдневно следење.

***4. Управување со финансиски ризици (продолжува)***
***4.1 Пазарен ризик(продолжува)***

Раководството на Друштвото ги проценува пазарните ризици и максималните загуби кои можат да се очекуваат, а кои се базираат на претпоставки за различни промени на пазарните услови. Раководството на Друштвото поставува граници за ризикот којшто може да се прифати и којшто редовно се следи. Со цел на заштита од пазарниот ризик, Друштвото ќе се залага за негово минимизирање преку диверзифицирање на портфолиото, согласно со принципот на дистрибуција на ризикот.

***а) Ризик од промена на девизните курсеви – валутен ризик***

Валутниот ризик претставува форма на ризик која се јавува при промената на цената на една валута во однос на друга. Фондот во своето портфолио поседува хартии од вредност деноминирани во различни валути и можните промени на овие валути во однос на домашната валута може да доведат до зголемување или намалување на вредноста на уделите. Овој ризик Друштвото ќе го редуцира со диверзифицирање на портфолиото во различни странски валути.

Официјалните девизни курсеви користени за конверзија на ставките од Билансот на состојба искажани во странска валута во денари на 30 Јуни 2017 и 2016 година се дадени во следниов преглед:

| | 30 Јуни 2017 | 30 Јуни 2016 |
|---|---|---|
| ЕУР | 61,7033 | 61,6949 |
| УСД | 54,0640 | 55,6311 |
| ГБР | 70,1254 | 74,7364 |
| ЦХФ | 56,4273 | 56,8407 |

Следната табела ја дава нето девизната позиција на монетарните средства и обврски на Фондот на 30 Јуни 2017 година и 2016 година (во денари):

## ВФП ПРЕМИУМ ИНВЕСТ Отворен инвестициски фонд
### БЕЛЕШКИ КОН ПЕРИОДИЧНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
*За периодот кој завршува на 30 Јуни 2017 година*

| *30 Јуни 2017 година* | ЕУР | УСД | ГБР | ЦХФ | МКД | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Средства*** | | | | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 161.995 | 13.113 | 12.762 | 109.369 | 1.500 | 298.739 |
| Финансиски средства кои се чуваат за тргување | 182.695.216 | 102.637.359 | 27.305.386 | 19.762.041 | 6.339.060 | 338.739.062 |
| Вложување во депозити | - | - | - | - | 13.917.669 | 13.917.669 |
| Побарувања по основ на дивиденди | 68.593 | 89.476 | 75.269 | - | - | 233.338 |
| Побарувања по основ на камата | - | - | - | - | 12.640 | 12.640 |
| | **182.925.804** | **102.739.948** | **27.393.417** | **19.871.410** | **20.270.869** | **353.201.448** |
| **Обврски** | | | | | | |
| Обврски кон друштвото за управување со фондови | - | - | - | - | 3.719.092 | 3.719.092 |
| Обврски кон депозитарна банка | - | - | - | - | 69.617 | 69.617 |
| Обврски по основ на дозволени трошоци на Фондот | - | - | - | - | 41.770 | 41.770 |
| Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност и останати обврски | - | 2.760.469 | - | - | 1.898 | 2.762.367 |
| | **0** | **2.760.469** | **0** | **0** | **3.832.377** | **6.592.846** |
| ***Нето девизна позиција 30 Јуни 2017*** | ***182.925.804*** | ***99.979.479*** | ***27.393.417*** | ***19.871.410*** | ***16.438.492*** | ***346.608.602*** |

| *30 Јуни 2016 година* | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Средства*** | | | | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 2.577.169 | 2.531.099 | 559.200 | - | 722.827 | 6.390.295 |
| Финансиски средства кои се чуваат за тргување | 92.492.357 | 51.038.742 | 14.096.771 | 14.986.605 | 2.532.146 | 175.146.621 |
